Врз основа на членовите 43, 44 и 44-а од Статутот на Технокомерц АД Скопје и членовите 384, 387 и 388-а од Законот за трговските друштва, како и во согласност со Одлуката за свикување на редовна годишна седница на Собранието на акционери бр. 02-207/2 од 25.04.2025 година, Одборот на директори на Технокомерц АД Скопје објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК
## до акционерите за учество на редовната годишна седница на Собранието на Технокомерц АД Скопје

Седница на годишното собрание ќе се одржи на ден 30.05.2025 година (петок), со почеток во 12:00 часот, во деловните простории на Друштвото на ул. Јадранска магистрала бр. 56, Скопје. За работа на седницата се предлага следниот:

**ДНЕВЕН РЕД НА ГОДИШНО СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ ЗА 2024 ГОДИНА**

**I. Процедурален дел:**

1. Верификација на списокот на пријавени и присутни акционери или нивни полномошници;
2. Избор на бројач на гласови (записникот ќе го води нотар);
3. Избор на претседавач на Собранието;
4. Усвојување на дневниот ред.

**II. Работен дел:**

1. Донесување Одлука за усвојување на годишна сметка, финансиски извештаи и годишен извештај за работата на Друштвото во деловната 2024 година;
2. Донесување Одлука за усвојување на консолидирана годишна сметка, консолидирани финансиски и консолидиран годишен извештај за 2024 година;
3. Донесување Одлука за усвојување на ревидирани финансиски извештаи (единечни и консолидирани);
4. Донесување Одлука за распределба на добивката и исплата на дивиденда;
5. Донесување Одлука за одобрување на работењето на членовите на Одборот на директори за 2024 година;
6. Донесување Одлука за отповикување и разрешување на членови на Одбор на директори;
7. Донесување Одлука за избор на нови членови на Одбор на директори;
8. Донесување Одлука за именување овластен ревизор за 2025 година;
9. Донесување Одлука за измена на Статутот на Технокомерц ДОО Косово.

**ИНФОРМАЦИИ ЗА АКЦИОНЕРИТЕ**

Се повикуваат сите акционери со право на глас да земат учество во работата на редовната годишна седница на Собранието на акционери на Технокомерц акционерско друштво Скопје.

Акционерите се повикуваат да го пријават своето учество на седницата најдоцна пред почетокот на истата. Пријавувањето може да се изврши лично, по пошта или по електронски пат преку официјалната веб-страница на Друштвото: www.tehnokomerc.com.mk

Секој акционер има право да овласти застапник за учество на седницата, со писмено полномошно. Полномошното треба да се достави до Друштвото по пошта или по електронски пат. Формуларот за полномошно, како и деталните информации за начинот на испраќање на известувањата, се достапни на официјалната веб-страница на Друштвото.

Предлог-одлуките, упатството за начинот на гласање, образецот за полномошно и другите релевантни документи и информации неопходни за учество на седницата, ќе бидат објавени на официјалната интернет-страница на Друштвото.

Согласно член 388-а од Законот за трговските друштва, акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас имаат право, во рок од 8 (осум) дена од објавувањето на јавниот повик, да доставаат: предлози за дополнување на дневниот ред, предлози за одлуки и прашања поврзани со точките од дневниот ред.

Подетални информации за постапката за доставување предлози и прашања се достапни на интернет-страницата на Друштвото.

Собранието ќе одлучува исклучиво за прашања кои се уредно ставени на дневниот ред, согласно Статутот на Друштвото и Законот за трговските друштва. Одлуките ќе се донесуваат со мнозинство гласови од присутните или претставени акционери. Гласањето ќе биде јавно.

Сите материјали и документи поврзани со седницата им се достапни на акционерите од денот на објавување на јавниот повик, секој работен ден во Сметководно-финансискиот сектор на Друштвото, како и на официјалната интернет-страница: www.tehnokomerc.com.mk

**Одбор на директори**
**Претседател и неизвршен член,**

______________________________

**Блаже Филиповски**